РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УП1 Број: / Numer: 02-108
28.04.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 4, член 20 став 1 алинеја 10 и член 42 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РМ“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на РСМ“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), член 15 став 1 алинеја 4, член 41 став 1 алинеја 8 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги арх.бр.01-3632/1 од 22.8.2025 г., и Известувањето УП1 бр.02-364 од 16.4.2026 г., постапувајќи по Предлогот Уп1 бр.02-108 од 22.4.2026 г., а согласно Заклучокот, арх.бр.02-1838/6 од 27.4.2026 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 15 седница одржана на 27.4.2026 г. донесе

## ОДЛУКА

1. **СЕ ПОНИШТУВА** Одлуката на Советот на Агенцијата Уп1 бр.02-364 од 15.1.2026 г. со која се дозволува промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ВАТ ДОО Скопје.

2. Оваа одлука е конечна, истата влегува во сила со денот на нејзиното донесување, се објавува на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 42 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата со одлука ќе ја поништи одлуката со која дозволила спроведување промена на сопственичката структура доколку промената на сопственичката структура во Централниот регистар не е спроведена во рок од 90 дена од денот на донесувањето на одлуката за спроведување на промена на сопственичката структура.

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) на 1 седница одржана на 14.1.2026 г., постапувајќи по Известувањето за промена на сопственичка структура на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ВАТ ДОО Скопје Уп1 бр.02-364 од 30.12.2025 г. и Предлогот на овластеното лице од страна на директорот на Агенцијата Уп1 бр.02-364 од 13.1.2026 г. согласно Заклучокот арх.бр.02-174/5 од 14.1.2026 г., донесе Одлука Уп1 бр.02-364 од 15.1.2026 г. со која се дозволи промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво (ТРД) РАДИО ВАТ ДОО Скопје, и тоа: за истапување на физичкото лице Екрем Кадри, со ЕМБГ 1910961450055 и адреса на ул. „Ванчо Мицков“ бр.17Б Скопје, со учество од 50% во основната главнина и на физичкото лице Мефаил Кадри, со ЕМБГ 2603999450133 и адреса на ул.„Бајрам Мифтари“ бр. 3А Скопје, со учество од 50% во основната главнина и за пристапување на правното лице ИСЛАМСКА ВЕРСКА ЗАЕДНИЦА на Република Северна Македонија Скопје, со ЕМБС 4069676 и адреса на ул.„Чаирска“ бр. 52 Чаир, Скопје. Согласно точка 2 и 3 од предметната одлука ТРД РАДИО ВАТ ДОО Скопје, се задолжи по извршената промена на сопственичката структура до Агенцијата да достави актуелна тековна состојба издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија (ЦРРСМ), како и да ја спроведе одобрената промена на сопственичка структура во

ЦРРСМ во рок од 90 дена од денот на донесувањето на Одлуката Уп1 бр.02-364 од 15.1.2026 г. со која се дозволи промена во сопственичката структура.

Рокот за спроведување на одобрената промена на сопственичката структура во ЦРРСМ – 90 дена од денот на донесувањето на Одлуката Уп1 бр.02-364 од 15.1.2026 г. за промена на сопственичката структура на ТРД РАДИО ВАТ ДОО Скопје, истече на 15.4.2026 година.

Со цел да се провери дали радиодифузерот постапил по Одлуката Уп1 бр.02-364 од 15.1.2026 г. со која му се дозволи промена во сопственичката структура, на 16.4.2026 г., од страна на надлежниот сектор во Агенцијата извршена е проверка во ЦРРСМ, при што беше констатирано дека не е спроведена одобрената промена во сопственичката структура на ТРД РАДИО ВАТ ДОО Скопје. Во врска со претходното, надлежниот сектор до директорот на Агенцијата достави Известување УП1 бр.02-364 од 16.4.2026 г., за неспроведена промена на сопственичката структура на ТРД РАДИО ВАТ ДОО од Скопје.

Оттука, имајќи предвид дека од страна на радиодифузерот не е постапено во законски утврдениот рок за спроведување на одобрената промена на сопственичката структура, Агенцијата констатираше дека се исполнети условите од член 42 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за поништување на Одлуката Уп1 бр.02-364 од 15.1.2026 г.

Следствено на горенаведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 4, член 20 став 1 алинеја 10, член 42 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, член 15 став 1 алинеја 4, член 41 став 1 алинеја 8 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Известувањето УП1 бр.02-364 од 16.4.2026 г., постапувајќи по Предлогот Уп1 бр.02-108 од 22.4.2026 г., за донесување Одлука за поништување на Одлуката Уп1 бр.02-364 од 15.1.2026 г. за промена во сопственичката структура на ТРД РАДИО ВАТ ДОО Скопје, а согласно Заклучокот, арх.бр.02-1838/6 од 27.4.2026 г., Советот на Агенцијата, на 15 седница одржана на 27.4.2026 г., донесе Одлука со која се поништува Одлуката Уп1 бр.02-364 од 15.1.2026 г. за промена во сопственичка структура на ТРД РАДИО ВАТ ДОО Скопје.

Согласно член 24 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, оваа Одлука е конечна, а против истата може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**претседател на Совет,**

**м-р Сашо Стефановски**

**Правна поука:** Против оваа одлука, Трговското радиодифузно друштво РАДИО ВАТ ДОО Скопје, има право да поднесе тужба за поведување управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием.

**Доставено до:**
- Трговското радиодифузно друштво РАДИО ВАТ ДОО Скопје;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ВАТ ДОО Скопје;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права;
- Назначените лица во Агенцијата за водење на Уписникот Уп1 и
- Централниот регистар на Република Северна Македонија.